MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2307/4
27-05-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2307/1 од 05.04.2019 година.

Предметот со број 12-2307/1 од 05.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2307/1 од 05.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител – група на занаетчии.

Добиената пријава содржи наводи против претседателот на Регионалната комора на занаетчии Битола заради самоволие при работењето и игнорирање на потребите на занаетчиите членови на ова здружение.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи изнесени од група на занаетчии кои се незадоволни од однесувањето на претседателот на наведеното здружение заради кое тие како членови на истото трпеле штета и не можеле да ги остварат своите права од здружението па бараат да се изврши увид во работењето на истото, а за што ДКСК нема надлежност за свое постапување, по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk